**20242173761**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 11 став (6) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24) и член 46-б од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 283/23 и 169/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 октомври 2024 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА КАПИТАЛНИ ДОТАЦИИ ДО ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ЗА ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА И ТУРИЗМОТ ЗА 2024 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука се утврдува намената, и описот на активностите на инфраструктурните проекти од областа на културата и туризмот за 2024 година, корисникот на средствата како носител на активноста, износот на финансиските средства и начинот на користење и исплатата на финансиските средства, обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, во Раздел 180.10 – Финансирање на дејностите од областа на културата, Потпрограма АА – Инфраструктурни проекти на општините, ставка 488 – капитални дотации до ЕЛС, во износ од 199.460.590,00 денари.

Член 2

Средствата обезбедени од член 1 од оваа одлука се за реализација на следните инфраструктурни проекти:

| НАМЕНА И ОПИС НА АКТИВНОСТ | КОРИСНИК НА СРЕДСТВА | ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА |
|---|---|---|
| Реконструкција и санација на објект на Дом на култура „11ти Октомври“ | Општина Гази Баба | 87.514.771,00 денари |
| Реконструкција со пренамена на Стоковна куќа во мултифункционален центар со музејска поставка на Радовиш | Општина Радовиш | 65.274.132,00 денари |
| Реконструкција и пренамена на постоечки објект на КП бр. 985/2 во Центар за посетители-туристички информативен центар | Општина Пехчево | 5.996.591,00 денари |
| Конзервација, реставрација и реконструкција на дуќаните во Старата чаршија во Гевгелија и | Општина Гевгелија | 15.784.454,00 денари |
| Партерно уредување со комплетна замена на подземна инсталација на ул. Бран Петрушев и ул. 7-ми Ноември (Стара чаршија) во Гевгелија | Општина Гевгелија | 24.890.642,00 денари |
| | **ВКУПНО** | **199.460.590,00 денари** |

Член 3

За следење на наменското користење на капиталните дотации од оваа одлука се грижи Министерството за култура и туризам, преку склучување договори со единицата на локалната самоуправа за начинот на користење на финансиските средства и преку следење на реализацијата на склучените договори.

Исплаќањето на финансиските средства од оваа одлука да биде, во рокови утврдени во договорите од став 1 на овој член на посебна наменска сметка на општините корисници на средствата, отворена исклучиво за намената утврдена во членот 2 од оваа одлука, врз основа на изведени работи и комплетна исплатна документација.

Член 4

Министерството за култура и туризам, во случај на утврдени неправилности и ненаменско користење на средствата од страна на општините корисници, ќе ја запре исплатата на средствата за капиталните дотации.

Член 5

Општините корисници распределените средства треба да ги користат за намената утврдена во членот 2 од оваа одлука, во спротивно имаат обврска да ги вратат и уплатат средствата во Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 6

Општините корисници на средствата од оваа одлука, месечно доставуваат извештаи за реализацијата и напредокот на активностите до Министерството за култура и туризам.

Министерството за култура и туризам доставува извештаи за степенот на реализација на средствата до Владата на Република Северна Македонија на секои три месеци.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-9855/12
22 октомври 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.